Врз основа на член 27-б став 6 од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 30 август 2022 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за утврдување на категорија на угостителски објект**

1. Со оваа решение се утврдува дека угостителскиот објект ХОТЕЛ ПКТ со седиште на Булевар на виното бр. 1 Демир Капија, ги исполнува условите за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди супериор, со период на важност од три години, сметано од денот на влегувањето во сила на ова решение.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.
3. Ова решение заедно со Извештајот за извршена категоризација на угостителскиот објект се објавуваат на веб страната на Владата на Република Северна Македонија.

**Образложение**

ПКТ ДООЕЛ со седиште на Булевар на виното бр. 1 Демир Капија поднесе Барање бр. УП1-13-222 од 11.5.2022 година, за утврдување на потребните услови на угостителскиот објект ХОТЕЛ ПКТ со седиште на Булевар на виното бр. 1 Демир Капија, за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди.

Комисијата за категоризација на угостителските објекти, постапувајќи по Барањето изврши увид на предметниот објект при што со Извештај бр. УП1-13-222 од 7.7.2022 година констатира дека истиот ги исполнува условите за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди супериор, пропишани со Правилникот за услови за категоризација на објектите за сместување за вршење на угостителска дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 41/13).

Врз основа на член 27-б од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.31/20), Владата на Република Северна Македонија на предлог на Комисијата за категоризација на угостителските објекти за сместување донесува решение за утврдување на категорија на угостителските објекти за сместување.

Согласно член 27-б од Законот за угостителската дејност, решението за утврдување на категорија на угостителскиот објкект за сместување се издава со важност од три години од денот на издавањето.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поведе управен спор пред надлежниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на Решението.

**Бр. 41-6404/1**
**30 август 2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Димитар Ковачевски**

Подготвил: Тања Поповска
Проверил: Катерина Јаневска
Контролирал: Љубица Р. Димовска / Снежана М. Пендовски
Согласен: Зоран Брњарчевски
Одобрил: м-р Методија Димовски